Врз основа на член 40 став 5 од Законот за шумите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 64/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НИВНО КОРИСТЕЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува постапката, начинот на користење на податоци од планските документи и висината на надоместокот за нивно користење

**Член 2**

Податоците од планските документи се даваат на барање од заинтересираното физичко или правно лице.

Во барањата се наведува видот на податоците кои се бараат и потребата од тие податоци.

Барањето се поднесува до корисникот односно сопственикот на планските документи.

**Член 3**

Податоците може да ги користи барателот за наведената потреба и истите не треба да се продаваат или отстапуваат на друго лице.

**Член 4**

Висината на надоместокот за користење на податоците од планските документи изнесува 50 евра во денарска противредност на денот на уплатата по среден курс на Народна Банка на Република Македонија, а надоместок се уплатува на сметка на корисникот односно сопственикот на планските документи.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.__________**

**Дата__________**
**Скопје**

**Министер за земјоделство,**
**шумарство и водостопанство**
**Љупчо Димовски**